# СВЕТИ НИКОЛЕ
# ГАРАНТИРАМЕ

# СОЗДАДИ НОВА ИДНИНА!

**ПРОМЕНИ • ПРОЕКТИ • ПОБЕДИ**



Сте се прашале ли дали живеете подобро? Дали државата се движи во вистинска насока? Дали сте задоволни од ова што се случува? Дали сметате дека живееме во нормална држава и дека се слуша вашиот глас, дека власта ги одржала ветувањата, и дека оваа власт е најдоброто нешто што вие го заслужувате?

Ќе дозволите ли да продолжат на ист начин како досега, или ќе ги земете работите во свои раце и ќе започнете да создавате нова иднина со ваш сопствен печат, иднина каква што посакувате и каква што заслужувате?

Покажете дека мора поинаку, и дека не сте задоволни од ова што се случува. Почувствувајте ја шансата која е пред сите вас, шанса за промени, проекти и победи. Шанса да покажеме дека ќе успееме, дека знаеме, умееме и сакаме да ја направиме Македонија нормално, убаво место за живеење.

На овие избори треба да ѝ одговорите на власта дали целосно ќе ѝ ја препуштите државата или ќе преземете контрола над сопствената судбина и држава и ќе создадете нова иднина?

Покажете дека во вас постои надеж и пркос, дека сакате да создавате и дека не се плашите да верувате во себе и во иднината на вашите деца. Таа иднина зависи исклучиво од вас и од промените кои неминовно доаѓаат, а кои ќе ги донесете вие. Промени што ќе значат нова енергија, кои ќе го поддржуваат позитивното наспроти негативното, креативното и продуктивното

наспроти деструктивното, ќе поддржуваат квалитет наспроти партизација, работа наспроти неработа, почитување и исполнување на ветеното наспроти измамите на власта.

Насекаде гледаме хаос и загубена перспектива. Луѓето се разочарани. Власта тоа го користи и го злоупотребува. Тоа мора да престане. Поделбите да запрат. Народот треба да се обедини: десни, леви, Македонци, Албанци, Турци, Срби, Роми, Власи, Бошњаци, стари и млади, жени и мажи. Дојде време за промени и народот мора да почне да ја создава новата иднина. Да излеземе од кругот на апатијата. Затоа што колку повеќе овие се на власт, толку помалку останува од Македонија, толку помалку нѐ има во државата.

И таму, меѓу нив, има луѓе кои го гледаат тоа, има незадоволство. Ние сакаме сите да се обединиме и да порачаме дека нашата генерација ја сфати важноста на овој историски момент, ја гледа шансата за промени, проекти и победи, шансата да создава, шансата за нова иднина. Да покажеме дека Македонија е држава и дека тука живее и ќе живее среќен народ кој си ја сака сопствената земја.

Ние имаме знаење и програма со многу проекти, ние гарантираме дека ќе ги исполниме и вие знаете дека можете да му верувате на нашиот даден збор. Поучени сме од грешките во минатото, па со поправени и искоренети слабости, ние сме нови луѓе, квалификувани, чесни и свесни за околностите и за одговорноста што ја преземаме. Создадовме нова иднина кај нас, сакаме обединети со вас да создадеме нова иднина за сите нас. На овие избори влегуваме со чисто срце и ја бараме вашата доверба, ви ветуваме многу работа и конкретни резултати. Новата иднина започнува со промените, по кои следат проектите, новата иднина ќе ги донесе победите.

А тие сакаат да мислите дека сите сме исти! Тоа е дел од нивната пропаганда, за да останете разочарани и на тој начин да го бараат својот спас. Со малата излезност, со вашето негласање или со нивните тројански експерименти – тие добиваат најмногу.

Ако не ги опомените на овие избори, тие ќе мислат дека ги поддржувате. Ако им ја оставите апсолутната власт, нивната аздисаност ќе се зголеми – ќе биде уште полошо. Иднината со нив не е иднина каква што вие заслужувате. Иднината со нив е хаотична, несреќна и апатична.

Излезете и изборете се! Создадете нова иднина! Таму лежи шансата за промени, Нова иднина за секој од вас, за секој дом, семејство, улица и населено место, таа нова иднина е за сите нас. Новата иднина е убава иднина! Таа е иднина на договор помеѓу граѓаните и политичарите, иднина на нормална држава во која ќе има ред и работа. Нештата ќе се менуваат, ќе има проекти и конкретни резултати, подобар стандард и можности за секого. Во новата иднина граѓаните ќе ги контролираат институциите, за разлика од сегашноста во која институциите ги контролираат граѓаните.

Новата иднина ќе донесе подобри денови, раст и развој, во неа ќе има авангардна младина и спокојна старост. Во неа ќе се создава, ќе создавате вие за вас и за вашите семејства. Ќе создаваат и вашата општина и државата за вас, затоа што вие премногу ѝ дадовте на земјата, сега е момент земјата да ви дава вам.

Затоа создадете ја новата иднина! Тие се плашат од неа. Од новата иднина во која сè ќе биде подобро, посветло и посреќно и во која нивните грешки ќе можеме сложно да ги исправиме. За таа нова иднина вреди да се бориме. Таа е доброто, таа е сè што тие не се. Иднина за вас, за Македонија, нова иднина во која оптимизмот ја победува малодушноста, иднина на триумф на вашите вредности.

Новата иднина е нивниот најголем кошмар. Таа создава! Таа носи промени и проекти! Новата иднина победува! Затоа

**СОЗДАДИ НОВА ИДНИНА!**

**ПРОМЕНИ. ПРОЕКТИ. ПОБЕДИ**

# 1. ОБРАЌАЊЕ



Почитувани сограѓани,

Голем е предизвикот, уште поголема е одговорноста пред која се наоѓам како кандидат за градоначалник на Општина Свети Николе. Сепак, воден од императивот да се биде заштитник на интересите на секој еден граѓанин во општината, застанав исправен пред ваквиот предизвик. Мотивиран сум од огромната и искрена желба за напредокот на нашата општина, со одличен тим кој стои позади мене, Ве уверувам дека доколку ми ја дадете довербата, времето пред нас ќе ни донесе изобилство на позитивни промени и дека таквите промени ќе ги почувствува секој еден граѓанин.

А тоа нема да недостасува, ве уверувам. Нашата матрица и матрицата на ВМРО - ДПМНЕ е докажана пред граѓаните на Република Македонија дека она што ќе го вети таа, тоа и го исполнува. Ја барам Вашата поддршка и доверба и Ви ветувам дека во работата ќе ме водат потребите и интересите на граѓаните. Ќе го слушам гласот на граѓаните и ќе бидам достапен за сите идеи, предлози и забелешки. Транспарентно ќе ги донесувам сите проектни решенија и ќе го почитувам мислењето на мнозинството. Ќе градиме партнерства со вас граѓаните без разлика на полова, верска, политичка или било каква друга определба. Заеднички да успееме да бидеме пример за градење на нов концепт во креирањето на локалните политики каде главен збор ќе има потребата на граѓанинот наспроти личните и бизнис интереси.

Нашето Овче Поле и свето гратче Свети Николе има потреба од големи проекти и реформи. Како земјоделски крај имаме обврска да ги подобриме условите за работа на земјоделците. Наша обврска ќе биде да ги подобриме условите во детската градинка, основните и средното училиште, затоа што нашата иднина треба да ни ја градат образовани и здрави деца. Спортот и спортските клубови ќе добијат вистински партнер во мене и мојот тим. Ќе им овозможиме и ќе ги организираме младите корисно да го поминуваат своето слободно време. Грижата за здравјето на граѓаните е наш приоритет и затоа чистата и уредена животна средина, чиста вода, хортикултурно уредени паркови ќе бидат нашата цел. Асфалтирани улици, канализациони и водоводни мрежи во сите населени места и до сите граѓани нема да биде само наша обврска и ветување туку реалност.

Мојата цел се конкретните резултати и јас ви ветувам дека ќе ги има. Сакам да биде запаметено времето во кое јас и мојот тим со работа, труд и посветеност сме го допринеле најдоброто за нашата општина и сме придонеле за подобар живот за секој од нас. Да го спречиме егзодусот што ни се случува со младите и економски егзил што ни се случува секојдневно.

Да се обединиме сите заедно, сите граѓани во општината и на 17 октомври да ја победиме неспособноста, да ја победиме апатијата во која не донесоа и повторно после 4 години Свети Николе да се врати на просперитетен колосек.

Свети Николе за сите луѓе, Свети Николе за тебе!

Да сте ми живи и здрави!

Да живее Свети Николе!!!

Да живее Македонија!!!

Со почит,

Дејан Владев

# 2. ПРИОРИТЕТНИ ПРОЕКТИ ЗА СВЕТИ НИКОЛЕ

**ВМРО ДПМНЕ** е партија за сите граѓани на Република Македонија.

Во својата четиригодишна програма за локалните избори 2021 ќе се заложиме за:

- Воспоставување на механизми и алатки за унапредена инклузивност и вклученост на граѓаните во работата на општината, непречено консултирање преку веќе воспоставените механизми (референдум, граѓанска иницијатива, собир на граѓани, јавни форуми и дебати) и преку користење на е-алатки, како и поголемо информирање на граѓаните преку активна транспарентност и објавување на сите информации на веб страницата и социјалните медиуми;
- Јакнење на капацитетот на администрацијата, јавните претпријатија и институциите за соработка со граѓанскиот сектор и граѓаните, воспоставување механизам за соработка и финансиска поддршка за проекти на здруженијата на граѓани и обезбедување на социјална/меѓуетничка кохезија особено меѓу младите преку спроведување заеднички активности; континуирана соработка со бизнис секторот во поглед на редовни состаноци, реализација на нивни идеи и бизнис планови;
- Воспоставување редовна практика на мерење на задоволството на граѓаните од општинските услуги преку анкети;
- Длабинска анализа на капацитетите на вработените во општината, институциите и јавните претпријатија за управување со јавни финансии и планирање на ликвидноста на буџетите;
- Целосна интегрална внатрешна контрола и ревизија на јавните средства;
- Понатамошно унапредување на фискалната транспарентност и инклузивност на процесот на буџетирање и креирање на општинските годишни програми и стратегии.;

Во својата Програма која ја поделивме на неколку поглавја, **ВМРО-ДПМНЕ** за Општина Свети Николе ќе вложи огромен труд, средства и човечки и интелектуален капацитет за развој на сите овие компоненти.

## ЦЕЛОСНО ОСПОСОБУВАЊЕ НА ПОСТОЕЧКАТА ПРЕЧИСТИТЕЛНАТА СТАНИЦА ЗА ОТПАДНИ ВОДИ ДО ИЗНАОЃАЊЕ НА СОВРЕМЕНО ТРАЈНО РЕШЕНИЕ

Извршување на сите детални истражувања, како и изработка на потребни студии и на потребна техничка документација за трајно решение за ставање во функција на прочистителната станица за отпадни води.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината. Министерство за животна средина и просторно планирање. Министерство за транспорт и врски. Меѓународни фондации

**Рок на реализација:** 2024 година - континуирано.

## УРЕДУВАЊЕ НА РЕЧНОТО КОРИТО ВО ЦЕНТРАЛНОТО ГРАДСКО ПОДРАЧЈЕ, КАКО ФУНКЦИОНАЛНО ТАКА И ЕСТЕТСКИ И ПАРТЕРНО, СО ОБЕЛЕЖАНА ПЕШАЧКА ПАТЕКА, ЗЕЛЕНИЛО И ОСВЕТЛУВАЊЕ

Покрај санацијата на самото речно корито ќе се изврши партерно уредување на самиот простор околу речното корито со што истото ќе добие урбан лик со изработка на осветлена пешачка патека пропратена со места за одмор и урбана опрема - клупи за седење и канти за отпадоци како и хортикултурно уредување на самиот простор.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината. Министерство за животна средина и просторно планирање.

**Рок на реализација:** 2024 - 2025 година.

## ОПЛЕМЕНУВАЊЕ НА ПРОСТОРОТ ВО НОВИОТ ПАРК, СО НАЈРАЗЛИЧНИ СОДРЖИНИ, КАКО АМФИТЕАТАР, ПАМП ТРАК СО МИНИ ФИТНЕС КАТЧЕ И СКЕЈТ РАМПИ, СПОРТСКО ИГРАЛИШТЕ И ДЕТСКО КАТЧЕ.

Изградба на памп трак за велосипеди со мини скејт парк и фитнес катче, со урбан арт ѕид и современ паркинг за велосипеди. Како и изградба на мал отворен амфитеатар за културно-уметнички потреби, како и спортско игралиште и детско катче.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината. Агеницаја за млади и спорт

**Рок на реализација:** 2024 година - континуирано.

## ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ПАРКИНГ МЕСТАТА ВО ЦЕНТРАЛНОТО ГРАДСКО ПОДРАЧЈЕ СО АСФАЛТИРАЊЕ И ОБЕЛЕЖУВАЊЕ НА ПАРКИНГ МЕСТА НА ПОТЕГ СПОРТСКА САЛА ПОКРАЈ РЕКАТА ПОКРАЈ ДЕТСКАТА ГРАДИНКА

Зголемување на паркинг местата во близина на централното градско подрачје е со цел решавање на еден голем проблем со собраќајниот неред којшто го има во центарот на градот и значително олеснување за паркирање на граѓаните

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2024 година.

## ВРАЌАЊЕ НА СТАРИОТ ИГЛЕД НА СТАРАТА ЧАРШИЈА. УРЕДУВАЊЕ НА ФАСАДИТЕ НА КУЌИТЕ КАЈ СТАРАТА ЧАРШИЈА, НЕЈЗИНО ОСВЕТЛУВАЊЕ, И УРЕДУВАЊЕ И ВРАЌАЊЕ НА СТАРИОТ ГРАДСКИ ИЗГЛЕД

Уредување на фасадите на куќите кај старата чаршија, нејзино осветлување и враќање на стариот градски изглед

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2024 година - континуирано.

## ИЗГРАДБА НА СПОРТСКИ САЛИ ВО УЧИЛИШТАТА СОУ „КОЧО РАЦИН“ И ООУ „ДАМЕ ГРУЕВ“ С. ЕРЏЕЛИЈА

Изградба на спортски сали во коишто би се одвивала наставата за физичко образование во СОУ „Кочо Рацин“– гимназија, како и ООУ „Даме Груев“, с. Ерџелија, од која директен бенефит ќе имаат учениците во овие училишта и училишните спортски клубови.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината. Агенција за млади и спорт. Министерство за образование и наука

**Рок на реализација:** 2023 - 2024 година.

## ЦЕЛОСНО АСФАЛТИРАЊЕ И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА СТРАТЕШКИ ВАЖНИ УЛИЦИ КОИ СЕ ВО ЛОША СОСТОЈБА

Асфалтирањето на улиците ќе биде во континуитет во текот на целите 4 години со што ќе се овозможи подобар живот, побрз транспорт и подобра инфраструктура за жителите на Општина Свети Николе.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината. Министерство за животна средина и просторно планирање. Министерство за транспорт и врски. Меѓународни фондации

**Рок на реализација:** 2022 година - континуирано.

## ТАМПОНИРАЊЕ НА ПРИСТАПНИ ЗЕМЈОДЕЛСКИ ПАТИШТА СЕКАДЕ КАДЕ Е ПОТРЕБНО И Е ВОЗМОЖНО И НИВНА КОНСТРУКЦИЈА

Пробивање на нови и реконструкција на постојните земјоделски патишта.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината- Средствата за оваа намена ќе бидат од приходите од закуп на земјоделско земјиште.

**Рок на реализација:** 2022 година - континуирано.

## ЕТАПНА ПРОМЕНА НА ДОТРАЕНИ ЦЕВКИ ЗА ВОДОВОДНА МРЕЖА

Ќе се започне со етапна замена на дотраените цевки во градот со што ќе се зголеми нивото на безбедноста во однос на квалитетот на водата, а и стабилноста во однос на снабдувањето.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината. ЈКП Комуналец

**Рок на реализација:** 2023 година - континуирано.

## ПОДОБРУВАЊЕ НА УСЛОВИТЕ ЗА ИЗЛЕТ И УРЕДУВАЊЕ НА ИЗЛЕТНИЧКО МЕСТО „МАВРОВИЦА"

Подобрување на условите преку асфалтирање на главен патен крак,и тампонирање на споредни краци до браната и летниковците. Реконструкција и ревитализација на летниковците,воведување на нови содржини,поставување на патни знаци

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2023 - 2024 година.

## ДЕТСКИ ИГРАЛИШТА И ЗАБАВНО-ЕДУКАТИВНИ СОДРЖИНИ ВО ДВОРНОТО МЕСТО ВО ГРАДИНКИТЕ ВО СВЕТИ НИКОЛЕ

Изработка на едукативни детски игралишта во двете градинки.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината. Министерство за труд и социјална политика

**Рок на реализација:** 2022 - 2025 година.

## КОНЕЧНО ФОРМИРАЊЕ,ПОДДРШКА НА МЛАДИНСКИОТ КУЛТУРЕН ЦЕНТАР ВО ПРОСТОРИИТЕ НА ДОМОТ НА КУЛТУРАТА

Активирање на Младинскиот културен центар и негово функционирање во вистинска смисла, каде што младите би се дружеле и би се одржувале најразлични настани од мултимедијален,едукативен и информативен карактер.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2022 - 2023 година.

## РЕШАВАЊЕ НА ТЕКОВНИ ПРОБЛЕМИ ВО РУРАЛНИТЕ МЕСТА

Асфалирање/тампонирање на улици, изградба на канализација и водовод и детски игралишта.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината. Останати извори на финансирање

**Рок на реализација:** 2022 година - континуирано.

## ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ПОВОЛНИ ПРЕДУСЛОВИ ЗА ИЗГРАДБА НА УГОСТИТЕЛСКО – РЕКРЕАТИВЕН ОБЈЕКТ – ГРАДСКИ БАЗЕН

Со цел привлекување на приватен инвеститор за изградба на Градски базен, општината ќе му овозможи поволни услови ма инвеститорот како и сите предуслови за градба и реализација на истиот.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината. Останати извори на финансирање

**Рок на реализација:** 2022 - 2025 година.

Приоритет на ВМРО-ДПМНЕ се ниски и рамни даноци токму затоа во Општина Свети Николе нема да ги зголемуваме даноците и давачките на граѓаните, туку ќе се зајакнат фискалните капацитети на Општина Свети Николе за поефикасна наплата на локалните даноци и такси.



# 3. ПОДОБРИ УСЛОВИ ЗА ЖИВОТ ЗА СИТЕ ЛУЃЕ

Превземаме обврска и го заложуваме сиот наш интегритет и интелектуален капацитет, дека секој атом од нашата сила и енергија ќе го вложиме во конечна победа над сите пречки што се исправиле на патот на прогресот на нашата општина!

Како Градоначалник на Општина Свети Николе, пред граѓаните ќе понудам концепт на одговорно работење и ќе бидам подготвен да им излезам во пресрет за сите потреби, информации и помош во решавањето на нивните проблеми. Ќе се залагам за зголемена ефективност и одговорност на локалните власти во нивното работење и поголема вклученост на граѓаните во донесувањето на одлуки за прашања што за нив се од суштинско значење.

## ЛОКАЛНА СТРАТЕГИЈА ЗА ПРИВЛЕКУВАЊЕ НА СТРАНСКИ И ДОМАШНИ ИНВЕСТИТОРИ

Изработка на Локална стратегија за привлекување на странски и домашни инвеститори, со којашто ќе се помогне претприемништвото и ќе се отворат нови работни места како и ќе потикне нови иновативни бизниси и поддршка на МСП во Општина Свети Николе

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2022 година – континуирано.

## ПОДОБРУВАЊЕ НА ПРИСТАПОТ ДО ЗЕМЈОДЕЛСКИТЕ ОБРАБОТЛИВИ ПОВРШИНИ

Пробивање на нови и реконструкција на постојните земјоделски патишта.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината- Средствата за оваа намена ќе бидат од приходите од закуп на земјоделско земјиште.

**Рок на реализација:** 2022 година - континуирано.



# 4. МОБИЛНОСТ И ИНФРАСТРУКТУРА

Современата инфраструктура е основа за развој и привлекување на инвестиции на локално ниво, а добрата сообраќајна поврзаност претставува нејзин значаен елемент. Ефикасната и сигурна патна инфраструктура ја олеснува и поттикнува мобилноста на луѓето и стоките, ја надминува ограниченоста на локалните пазари и создава основа за рамномерен регионален развој. Инвестирањето во патната инфраструктура значи инвестирање во безбедноста, времето, достапноста и економскиот развој на општината. Можноста за непречено комуницирање и пренос на стока и добра по солидна инфраструктура е наша обврска.

## 4.1. УРБАНА ИНФРАСТРУКТУРА

### АСФАЛТИРАЊЕ НА УЛИЦИ ВО ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ

Асфалтирањето на улиците ќе биде во континуитет во текот на целите 4 години со што ќе се овозможи подобар живот, побрз транспорт и подобра инфраструктура за жителите на Општина Свети Николе.

Ќе се изврши асфалирање на следниве улици:

### ВО НАСЕЛБА СОПОТСКИ ПАТ;

ул.„Димитар Влахов“; ул. „Гаврило Гаврилски“; ул. „Михајло Апостолски“;

### ВО НАСЕЛБА ГОРОБИНСКИ ПАТ;

ул. „Александар Серафимов“; ул. 2; ул.3; ул.4; ул.5.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината Министерство за транспорт и врски – Буџет на РМ

**Рок на реализација:** 2024 - 2025 година.

### РЕДОВНО ОБНОВУВАЊЕ НА ХОРИЗОНТАЛНАТА И ВЕРТИКАЛНА СИГНАЛИЗАЦИЈА

### ПОСТАВУВАЊЕ НА АВТОБУСКИ СТОЈАЛИШТА ВО ГРАДОТ И СЕЛАТА

Обележување на хоризонталната сообраќајна сигнализација како и поставувањето на вертикалната сигнализација по градските улици и локалните патни правци да се врши редовно на годишно ниво а не повремено.

Поставување на автобуски стојалишта на неколку локации во градот опремени според претходно дефиниран и унифициран изглед и опремени со потребната урбана опрема на истите.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината

**Рок на реализација:** 2022 година. – континуирано.

## 4.2. ОДРЖЛИВ УРБАН РАЗВОЈ

### ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ПРОСТОР ЗА ПАРКИРАЊЕ ВО БЛИЗИНА НА ЦЕНТРАЛНОТО ГРАДСКО ПОДРАЧЈЕ

Изградба на паркинг покрај Светиниколска река, потег позади градски стадион.

Зголемување на паркинг местата во близина на централното градско подрачје е со цел решавање на еден голем проблем со собраќајниот неред којшто го има во центарот на градот и ќе овозможи значително олеснување за паркирање на граѓаните

**Извор на финансирање:** Буџет на општината

**Рок на реализација:** 2024 година.





# 5. МОДЕРНО И СОВРЕМЕНО ОБРАЗОВАНИЕ ЗА СИТЕ МЛАДИ

Проектите имаат за цел да ги подобрат просторните услови во училиштата со што би се придонело за обезбедување на квалитетна настава и креирање на можности за унапредување на воспитно-образовниот процес, создавање на млади кадри кои ќе бидат конкуренти на пазарот на трудот и развој на здрава психофизичка личност кои се основните приоритети на локалната самоуправа во областа на образованието.

## ИЗГРАДБА НА УЧИЛИШНИ СПОРТСКИ САЛИ

### ИЗГРАДБА НА УЧИЛИШНА СПОРТСКА САЛА ВО ДВОРОТ НА ГИМНАЗИЈАТА

### ИЗГРАДБА НА УЧИЛИШНА СПОРТСКА САЛА ПРИ ООУ „ДАМЕ ГРУЕВ“, С. ЕРЏЕЛИЈА

Изградба на спортски сали во коишто би се одвивала наставата за физичко образование во СОУ„ Кочо Рацин“ – гимназија, како и ООУ „Даме Груев“, с. Ерџелија, од која директен бенефит ќе имаат учениците во овие училишта и училишните спортски клубови.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината. Агенција за млади и спорт. Министерство за образование и наука

**Рок на реализација:** 2023 - 2024 година.

### ПРОЕКТИ ВО ООУ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“,СВЕТИ НИКОЛЕ

Во Оваа училиште ќе бидат реализирани следниве проекти за подобрување на условите во истото:

- реконструкција на подовите на долниот кат со скалите(приземје);
- санација на внатрешноста на училниците;
- промена на електрична инсталација на доградба;

- пристапна рампа за деца со посебни потреби;
- реконструкција на спортско игралиште;
- уредување,оплеменување и воведување на содржини во “расадникот”.

## ПОДРАЧНО УЧИЛИШТЕ ГОРОБИНЦИ

Промена на прозорци и врати.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината. Министерство за образование и наука

**Рок на реализација:** 2022 - 2025 година.

## ПРОЕКТИ ВО ООУ „КИРИЛ И МЕТОДИЈ“,СВЕТИ НИКОЛЕ

Во Оваа училиште ќе бидат реализирани следниве проекти за подобрување на условите во истото:

- Реконструкција на училишен двор, засадување садници, нови содржини.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината. Министерство за образование и наука

**Рок на реализација:** 2022 - 2025 година.

## ПРОЕКТИ ВО ООУ„ КИРИЛ И МЕТОДИЈ“, СВЕТИ НИКОЛЕ

Во Оваа училиште ќе бидат реализирани следниве проекти за подобрување на условите во истото:

- опремување на училишни кабинети;
- реконструкција на спортско игралиште;
- изградба на спортска сала.

## ПОДРАЧНО УЧИЛИШТЕ С. АМЗАБЕГОВО

Реконструкција на училиштето.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината. Министерство за образование и наука

**Рок на реализација:** 2022 - 2025 година.

## ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ ЗА ОБРАЗОВАНИЕ ЗА СИТЕ

## ТАБЛЕТ ЗА УЧЕНИЦИ ОД СОЦИЈАЛЕН РИЗИК

Општината ќе додели таблети или слични електронски апарати на сите ученици од семејства со социјален ризик,самохрани родители и приматели на социјална помош. Ке бидат опфатени сите ученици од 5 до 9 одделение.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината. Други извори на финансирање

**Рок на реализација:** 2022 година - континуирано.



# 6. ЕВРОПА ВО МОЈАТА ОПШТИНА

Со цел поголема афирмација на општината преку промоција на нашите позитивни вредности во меѓународни рамки, но исто така и пристапот на размена на искуства преку продолжување и проширување на соработката со општини од соседните европски земји,можеме да ја приближиме Општина Свети Николе до нивниот животен стандард, а со тоа и да го подобриме Локалниот економски развој.

## ВОСПОСТАВУВАЊЕ И ИНТЕНЗИВИРАЊЕ НА СОРАБОТКАТА СО ОПШТИНИ ОД ЕУ

### ИНТЕНЗИВИРАЊЕ НА СОРАБОТКАТА СО ЕУ И ОПШТИНИ ОД ЕУ ПРЕКУ ФОРМИРАЊЕ НА ЛОКАЛЕН ЕУ ИНФО ЦЕНТАР

Интензивирање на соработката со ЕУ и општини од ЕУ преку формирање на локален ЕУ инфо центар, преку кој ќе се врши јакнење на капацитетите на невладиниот и деловниот сектор со цел подобро и поефикасно искористување на Европските фондови.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината. Други извори на финансирање

**Рок на реализација:** 2024 - 2025 година.



# 7. ЗАШТИТА ОД КЛИМАТСКИ ПРОМЕНИ И ЖИВОТНА СРЕДИНА И КОМУНАЛЕН РАЗВОЈ

Заштитата и унапредувањето на животната средина и природата е едно од основните права, но и обврски на граѓаните на Република Македонија. Заштитата на животната средина претставува еден од врвните приоритети со кои сакаме да постигнеме не само заштита на природата, туку пред се одржливо користење на природните ресурси на Македонија и одржлив економски развој.

## ВОВЕДУВАЊЕ НА КОНЦЕПТ НА ЗЕЛЕНА И ЧИСТА ОПШТИНА

### УРЕДУВАЊЕ НА РЕЧНОТО КОРИТО ВО ЦЕНТРАЛНОТО ГРАДСКО ПОДРАЧЈЕ, КАКО ФУНКЦИОНАЛНО ТАКА И ЕСТЕТСКИ И ПАРТЕРНО, СО ОБЕЛЕЖАНА ПЕШАЧКА ПАТЕКА, ЗЕЛЕНИЛО И ОСВЕТЛУВАЊЕ

Покрај санацијата на самото речно корито ќе се изврши партерно уредување на самиот простор околу речното корито со што истото ќе добие урбан лик со изработка на осветлена пешачка патека пропратена со места за одмор и урбана опрема - клупи за седење и канти за отпадоци како и хортикултурно уредување на самиот простор.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината. Министерство за животна средина и просторно планирање.

**Рок на реализација:** 2024 - 2025 година.

### ЦЕЛОСНО ОСПОСОБУВАЊЕ НА ПОСТОЕЧКАТА ПРЕЧИСТИТЕЛНАТА СТАНИЦА ЗА ОТПАДНИ ВОДИ ДО ИЗНАОЃАЊЕ НА СОВРЕМЕНО ТРАЈНО РЕШЕНИЕ

Извршување на сите детални истражувања, како и изработка на потребни студии и на потребна техничка документација за трајно решение за ставање во функција на прочистителната станица за отпадни води.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината. Министерство за животна средина и просторно планирање. Министерство за транспорт и врски. Меѓународни фондации

**Рок на реализација:** 2024 година - континуирано.

## ПРИКЛУЧУВАЊЕ НА КАНАЛИЗАЦИЈА НА НАСЕЛЕНИ МЕСТА ВО ГРАДОТ И СЕЛАТА

Обезбедување на основни услови за живот во урбаните населби каде што нема комунална инфраструктура. Приоритетно ќе ни биде решавање на проблемот со недостиг на канализација, со цел обезбедување на поздрава животна средина и подобрување на нивото на здравствено – хигиенски услови на живеење во населбите во кои што нема канализациски систем.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината. Министерство за животна средина и просторно планирање. Министерство за транспорт и врски. Меѓународни фондации

**Рок на реализација:** 2024 година - континуирано.

## МЕРНИ СТАНИЦИ ЗА АМБИЕНТАЛЕН ВОЗДУХ

Поставување на мерни станици за мерење на загадувањето во градот на неколку места, ќе се следи загадувањето во текот на цела година

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2022 година - континуирано.

## ОПШТИНА БЕЗ ДЕПОНИИ

Справување со дивите депонии и изготвување на план и стратегија за навремено и современо одлагање на отпадот на соодветни места, чистење на дивите депонии и враќање на сјајот на природата.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината. Министерство за животна средина и просторно планирање. ЈКП Комуналец

**Рок на реализација:** 2022 година - континуирано.

## ЗЕЛЕНА ОПШТИНА

Иницијатива за пошумување на паркови и слободни урбани точки, кои ќе бидат белите дробови на градот. Акцијата ќе се изведува со помош и координација на ЈП „Македонски шуми"

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2022 година - континуирано.

## ЧИСТИ ИЗЛЕТНИЧКИ МЕСТА

Издвојување на средства за ЈКП „Комуналец" кој ќе се искористат за набавка на квалитетна опрема за отпад, која ќе има доволен капацитет да ги задоволи потребите на излетничките места (Мавровица, Бареш итн. ) за време на празничните денови и викенди.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2022-2023 година.

## КОРПА НА ДОФАТ

Реконструкции на постојните и поставување на нови корпи за отпадоци на стратешки потребни места, каде што пешаците се движат почесто и на подолги временски интервали. Корпите ќе се празнат и соодветно одржуваат од страна на ЈКП „Комуналец" со цел за подолго и поквалитетно користење.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2022-2023 година.



# 8. МОДЕРЕН И АТРАКТИВЕН ЛОКАЛЕН ТУРИЗАМ

Имајќи ја во предвид големата улога што ја има туризмот во локалниот економски развој,општините својата економска плодност се повеке ја препознаваат во збогатувањето на туристичката понуда и подигнување на стандардите за квалитет во овој сектор.

## ТУРИСТИЧКО БИРО/КАНЦЕЛАРИЈА ЗА РАЗВОЈ НА ТУРИЗАМ

Основање на канцеларија за развој на туризмот во Свети Николе и овчеполскиот микро регион.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2023-2024 година.

## ИЗРАБОТКА НА АНДРОИД АПЛИКАЦИЈА ЗА МАУНТ БАЈКИНГ И КРОС КАНТРИ

Општината ке финансира изработка на андроид апликација која ќе биде од помош за сите маунт бајкери кои ќе сакаат да возат и да го запознаат Овчеполието. Апликацијата ќе содржи податоци за рути, елевација,тежина на стазата, локалитети, места за одмор,чешми и слично...

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2022 година.

## ЗАШТИТА НА КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО, ДИГИТАЛИЗАЦИЈА НА ПОСТОЕЧКИ ИНФОРМАЦИИ

Заштита на културно наследство, дигитализација на постоечки информации, мотивирање на локалното население, домаќинствата и угостителските објекти за активно вклучување во туристичката работа на општината.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2022 година.-континуирано

## ПОДОБРУВАЊЕ НА УСЛОВИТЕ ЗА ИЗЛЕТ И УРЕДУВАЊЕ НА ИЗЛЕТНИЧКО МЕСТО “МАВРОВИЦА”

Подобрување на условите преку асфалтирање на главен патен крак,и тампонирање на споредни краци до браната и летниковците. Реконструкција и ревитализација на летниковците,воведување на нови содржини,поставување на патни знаци

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2023-2024 година.

## ИЗГРАДБА НА МАЛА ЛЕТНА СЦЕНА ВО ГУРИШТЕ

Изградба на мала летна сцена во Гуриште, простор за културни,музички, театарски и друг вид на настани.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2024-2025 година.

## СМЕСТУВАЧКИ КАПАЦИТЕТИ

Субвенционирање на куќи и станови кои ќе ги исполнуваат основните услови за туристичко сместување

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2023 година. – континуирано

## ПОПРАВКА НА ПАТОТ ДО БОГОСЛОВЕЦ

Овозможување на услови за безбедни прошетки до врвот Св.Јован Богослов,киселата вода,прочуениот локалитет “редени камења” или “Ѓаволски ѕид” и промоција на туристичкиот потенцијал на едно од најубавите села во Овчеполието

**Извор на финансирање:** Буџет на општината. Други извори на финансирање

**Рок на реализација:** 2024-2025 година.

## ОБЕЛЕЖУВАЊЕ НА ПЕШАЧКИ ПАТЕКИ НА МАНГОВИЦА И ЃУРИШТЕ

Обележување на пешачки патеки на Манговица и Ѓуриште, со цел пристапност и запознавање на планините од планинарите и ентузијасти

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2024-2025 година.

## САНИРАЊЕ НА ШТЕТИТЕ И ЧОВЕЧКА НЕГРИЖА НА ЛОКАЛИТЕТ БИЛАЗОРА

Санирање на штети од временски непогоди и човечка негрижа на локалитетот Билазора, обезбедување на локалитетот,соодветна презентација пред јавноста и оспособување за организирани туристички посети

**Извор на финансирање:** Буџет на општината. Министерство за култура.

**Рок на реализација:** 2021 година.

## ОРГАНИЗИРАЊЕ НА СЕМИНАРИ ЗА ПРОМОЦИЈА НА ЛОКАЛНИОТ ТУРИСТИЧКИ ПОТЕНЦИЈАЛ

Организирање на семинари за промоција на локалниот туристички потенцијал пред домашните и странските туристички работници,инвеститори и туристи

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** континуирано

## ВРАЌАЊЕ НА СТАРИОТ ИЗГЛЕД НА СТАРАТА ЧАРШИЈА. УРЕДУВАЊЕ НА ФАСАДИТЕ НА КУЌИТЕ КАЈ СТАРАТА ЧАРШИЈА, НЕЈЗИНО ОСВЕТЛУВАЊЕ, И УРЕДУВАЊЕ И ВРАЌАЊЕ НА СТАРИОТ ГРАДСКИ ИЗГЛЕД

Уредување на фасадите на куќите кај Старата чаршија, нејзино осветлување и враќање на стариот градски изглед

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2024 година - континуирано.



# 9. СПОРТ И КУЛТУРА

Досегашната пракса на инвестирање и создавањето на услови за спортување на сите генерации, постојано се докажува како највредна инвестиција корисна за сите генерации. Преку изградбата и реконструкцијата, опремувањето на спортските сали, фудбалските и тениските игралишта, организирањето и субвенционирањето на голем број на спортски настани, поддршката на спортските таленти, директно придонесуваме за правилен психо-физички развој на децата, професионалците и гостите кои ги посетуваат овие содржини. Нашата тенденција на дисперзија на спортските содржини, наиде на огромно задоволство кај жителите од сите населени места, каде заживеа играњето на традиционалните турнири во мал фудбал. Тоа ни е мотив повеќе да продолжиме понатаму.

## ПОДОБРУВАЊЕ НА СПОРТСКАТА ИНФРАСТРУКТУРА И ПОДОБРУВАЊЕ НА УСЛОВИТЕ ЗА СПОРТУВАЊЕ НА МЛАДИТЕ

## ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ПОВОЛНИ ПРЕДУСЛОВИ ЗА ИЗГРАДБА НА УГОСТИТЕЛСКО – РЕКРЕАТИВЕН ОБЈЕКТ – ГРАДСКИ БАЗЕН

Со цел привлекување на приватен инвеститор за изградба на Градски базен, општината ќе му овозможи поволни услови на инвеститорот како и сите предуслови за градба и реализација на истиот.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината. Останати извори на финансирање

**Рок на реализација:** 2022 - 2025 година.

## ИЗГРАДБА НА НАМЕНСКИ БАСКЕТ ИГРАЛИШТА

Изградба на наменски баскет игралишта на неколку локации низ градот.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината. Агенција за млади и спорт

**Рок на реализација:** 2023 - 2024 година.

## ИЗГРАДБА НА ПАМП ТРАК СО МИНИ СКЕЈТ ПАРК И ФИТНЕС КАТЧЕ

Изградба на памп трак за велосипеди со мини скејт парк и фитнес катче, со урбан арт ѕид и современ паркинг за велосипеди.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината. Агенција за млади и спорт

**Рок на реализација:** 2024 година.

## РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ДЕТСКИ ИГРАЛИШТА ВО ГРАДОТ И СЕЛАТА

Реконструкција на детските игралишта во градот и селата, воедно и нивно оградување и континуирано одржување на истите.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2023 - 2025 година.

## СТРАТЕГИЈА ЗА РЕПАРАЦИЈА И ОДРЖУВАЊЕ НА СПОРТСКИ ТЕРЕНИ

Задолжување на ЈКП Комуналец, да направи стратегија за репарација и одржување на спортските терени низ општината. За да бидат терените секогаш функционални и во форма за користење

**Извор на финансирање:** Буџет на општината. ЈКП Комуналец

**Рок на реализација:** 2022 година. - континуирано

## ПОДДРШКА НА ЛОКАЛНИТЕ СПОРТСКИ КЛУБОВИ И ПОДОБРУВАЊЕ НА УЧИЛИШНИОТ СПОРТ

## КАКО И НЕГУВАЊЕ НА КУЛТУРАТА И КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО

## ЛЕТНО КИНО – ФИЛМСКИ ФЕСТИВАЛ „БИЛАЗОРА“

Културна и филмска едукација за локалната публика, афирмација на домашни филмски работници и промоција на локалните добра и атракции.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината. Министерство за култура

**Рок на реализација:** 2022 година. – континуирано.

## ТЕАТАРСКА КОМУНА -ЃУРИШТЕ

Организирано едно-неделно кампување во Ѓуриште за учесници од 15 до 18 години под менторство на двајца театарски професионалци. Едукација и поттик за младите од градот кои се вљубе-

ни во театарската уметност ќе биде целта на овој проект.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината. Министерство за култура

**Рок на реализација:** 2022 година. - континуирано

## МИНИ ФЕСТИВАЛ НА КУЛТУРНИ НАСТАНИ – „КУЛТУРЕН ШОК!“

Целта на проектот е нашиот мал град да биде преплавен со уметност, така што уметноста не би можел да ја избегнеш дури и да сакаш. Да заживее еден ден кој ќе биде претпознатлив по тоа дека Свети Николе е центар на културните случувања во Македонија. Поттикнување на младите за културна заинтересираност, афирмација на домашни уметници, промоција на нашиот град, економска придобивка од посетителите.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината. Министерство за култура

**Рок на реализација:** 2022 година. - континуирано

## СВЕТИ НИКОЛАЈ – ПАТРОН НА ГРАДОТ СВЕТИ НИКОЛЕ

Поддршка за реализирање на чествувањето на патронот на градот, Свети Николај, во периодот од 17 – 19 Декември којшто традиционално се одбележува како ден на градот Свети Николе.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2022 година. - континуирано

## ИЛИНДЕНСКИ МАРШ

Обезбедување средства и логистика за традиционалната коњаница на Илинденскиот марш, којашто секоја година заминува во чест на Илинденците до славното Крушево.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2022 година. - континуирано

## ПОДДРШКА НА КУЛТУРНИОТ – УМЕТНИЧКИ НАСТАН „ТОДОРИЦА”

Поддршка за реализација на културно - уметничката програма, која традиционално се одржува на верскиот празник Тодорова Сабота, каде што покрај меѓународниот фестивал на изворен фолклор „Тодорица”, ќе се одржат и други културно – уметнички настани.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2022 година. - континуирано

## ПОДДРШКА НА КУД „ЈАНКО ГЛИГОРОВ”

Зачувување на традицијата на Овчеполието преку поддршка на КУД „Јанко Глигоров” кој што преку своето долгогодишно постоење го претставува Свети Николе на манифестации и фестивали како во нашата земја, така и во странство.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2022 година. - континуирано

## ПОДДРШКА ЗА МОТОСОБИРОТ ВО СВЕТИ НИКОЛЕ

Обезбедување на финансиски средства за поддршка на манифестацијата – Мото собир.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2022 година. - континуирано

## САЕМ И ПРОМОЦИЈА НА КНИГИ ОД РОДОКРАЈНИ АВТОРИ

Реализирање на настан на којшто ќе земат учество роднокрајни автори на книги, во соработка со Домот на културата.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2022 година. - континуирано

## ПОДДРШКА НА КУЛТУРНО УМЕТНИЧКО ДРАМСКО ДРУШТВО „СЦЕНА 71”

„Сцена 71” опстојува повеќе од 4 децении и во соработка со Домот на културата има реализирано многу аматерски театарски проекти. Финансиски ќе ги помогнеме идните театарски проекти од нивна страна.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2022 година. - континуирано

## ПОДДРШКА НА ГРАДСКИ МАНДОЛИНСКИ ОРКЕСТАР

Долгогодишниот Градски мандолонски оркестар со своите настапи успешно ја промовира нашата општина во нашата држава и надвор од нашите граници каде се здобива со разни значајни признанија.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2022 година. - континуирано

## МАЛ ОТВОРЕН АМФИТЕАТАР

Изградба на мал отворен амфитеатар за културно-уметнички потреби, локацијата ќе биде во склоп на новиот парк.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2024-2025 година.





# 10. СОЦИЈАЛНА И ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА ЗА СИТЕ ЛУЃЕ

Социјалната заштита претставува основен императив на политиките на секоја општина со цел создавање на услови за инклузивно и кохезивно општество преку унапредување на положбата на ранливите групи во локалниот контекс на заедницата. Континуитетот во насока на подобрување и унапредување на здраствената заштита на граѓаните претставува наша основна цел.

## ВАУЧЕР ЗА СЕКОЕ НОВОРОДЕНО И ТРЕТО ДЕТЕ

Поддршка за секое семејство за новородено и третородено дете (зголемена парична помош)

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2022 година. - континуирано

## ПРОЕКТИ ВО ЈОУ ДЕТСКА ГРАДИНКА„ РАХИЛКА ГОНЕВА“

Во Детската градинка ќе бидат реализирани следниве проекти за подобрување на условите за работа во истото:

- поставување на енергетска ефикасна – термо фасада;
- изработка на едукативни детски игралишта во двете градинки;
- Збогатување на наставно-дидактички материјал за игровни активности;
- Опремување на наставничкиот кадар со дигитални уреди и други ресурси за реализација на наставни програми.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината. Министерство за труд и социјална политика

**Рок на реализација:** 2022-2025 година.

## ИГРАДБА НА ДЕТСКИ ГРАДИНКИ ВО ПОГОЛЕМИТЕ РУРАЛНИ СРЕДИНИ

Изградба на детски градинки во руралните средини каде има поголема концентрација на население и голем број на деца.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината. Министерство за

труд и социјална политика

**Рок на реализација:** 2024-2025 година.

# ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА

## ПРОЕКТ: „ВО ЗДРАВО ТЕЛО ЗДРАВ ДУХ“

Организирање на јавни трибини со лекари,спортски работници и нутриционисти, со цел да се информираат младите за придобивките од здравата исхрана,спортувањето како и штетните последици од употребата на алкохол,цигари и опојни средства.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2022 година. - континуирано

## ПРОЕКТ: ХИВ,СИДА И СПИ ПРЕВЕНЦИЈА

Организација на јавни трибини и обуки за средношколците за опасностите од СИДАТА и СПИ, нивна превенција , правилен начин на употреба на средства и помагала за несакана бременост и заштита од сексуално преносливи инфекции

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2022 година. - континуирано

## ПРОЕКТ: „ЗДРАВА ХРАНА-ЗДРАВА НАВИКА“

Поделба на најмладите во основните училишта секој работен ден на големиот одмор по една автохтона овошка(круша,јаболко,праска,слива) со низок алергенски состав, со цел стекнување на здрави навики на исхрана од најмали нозе

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2022 година. - континуирано

# 11. ИДЕИ ОД ГРАЃАНИ

## ЕТАПНА ЗАМЕНА НА ДОТРАЕНА ВОДОВОДНА МРЕЖА ВО ГРАД СВЕТИ НИКОЛЕ

Ќе се започне со етапна замена на дотраените цевки во градот со што ќе се зголеми нивото на безбедноста во однос на квалитетот на водата, а и стабилност во однос на снабдувањето во однос на дефекти и пукање на цевки

**Извор на финансирање:** Буџет на општината. ЈКП Комуналец

**Рок на реализација:** 2023 година - континуирано.

## КОНЕЧНО ФОРМИРАЊЕ, ПОДДРШКА НА МЛАДИНСКИОТ КУЛТУРЕН ЦЕНТАР ВО ПРОСТОРИИТЕ НА ДОМОТ НА КУЛТУРАТА

Активирање на Младинскиот културен центар и негово функционирање во вистинска смисла, каде што младите би се дружеле и би се одржувале најразлични настани од мултимедијален,едукативен и информативен карактер.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2022 - 2023 година.

# СЕЛА МЕСНИ ЗАЕДНИЦИ

## ПРОЕКТИ ВО СЕЛО ГОРОБИНЦИ

- Тампонирање/ реконструкција и асфалирање на улици во селото;
- Реконструкција, ревитализација редовно одржување како и дополнување со нови елементи на детското игралиште во селото;
- Уредување на влезот на селото, асфалтирање, расчистување и осветлување;

**Извор на финансирање:** Буџет на општината. Други извори на финансирање

**Рок на реализација:** 2022 - 2025 година.

## ПРОЕКТИ ВО СЕЛО ЕРЏЕЛИЈА

- Тампонирање/ реконструкција и асфалирање на улици во селото;
- Реконструкција, ревитализација редовно одржување како и дополнување со нови елементи на детското игралиште во селото;

- Изградба на спортска сала во училиште Даме Груев;

**Извор на финансирање:** Буџет на општината. Други извори на финансирање

**Рок на реализација:** 2022 - 2025 година.

## ПРОЕКТИ ВО СЕЛО МУСТАФИНО

- Тампонирање/ реконструкција и асфалирање на улици во селото;
- Изградба на канализација;
- Чистење на речното корито;
- Изнаоѓање на решение за премин преку речното корито(мост);
- Мини трибина на игралиштето за мал фудбал и осветлување;

**Извор на финансирање:** Буџет на општината. Други извори на финансирање

**Рок на реализација:** 2022 - 2025 година.

## ПРОЕКТИ ВО СЕЛО ПЕШИРОВО

- Тампонирање/ реконструкција и асфалирање на улици во селото;
- Реконструкција, ревитализација редовно одржување како и дополнување со нови елементи на детското игралиште во селото;
- Санација на пешачкиот мост;
- Изградба на канализација;

**Извор на финансирање:** Буџет на општината. Други извори на финансирање

**Рок на реализација:** 2022 - 2025 година.

## ПРОЕКТИ ВО МЗ ЦРНИЛИШТЕ

- Тампонирање/ реконструкција и асфалирање на улици во селото;
- Реконструкција, ревитализација редовно одржување како и дополнување со нови елементи на детското игралиште во Долно Црнилиште;
- Ревитализација на фудбалскиот терен,осветлување и одржување;
- Изградба на спортско игралиште (ракомет,мал фудбал);

**Извор на финансирање:** Буџет на општината. Други извори на финансирање

**Рок на реализација:** 2022 - 2025 година.

## ПРОЕКТИ ВО СЕЛО АМЗАБЕГОВО

- Тампонирање/ реконструкција и асфалирање на улици во селото;
- Реконструкција, ревитализација редовно одржување како и дополнување со нови елементи на детското игралиште во селото;
- Одржување на канализационата мрежа;
- Чистење на речното корито;

**Извор на финансирање:** Буџет на општината. Други извори на финансирање

**Рок на реализација:** 2022 - 2025 година.

## ПРОЕКТИ ВО СЕЛО КАДРИФАКОВО

- Тампонирање на улици во селото;
- Изработка на канализација;
- Поставување хлоратор на резервоарот за вода во селото;

**Извор на финансирање:** Буџет на општината. Други извори на финансирање

**Рок на реализација:** 2022 - 2025 година.

## ПРОЕКТИ ВО СЕЛО ЃУЃАНЦИ

- Тампонирање на улици во селото;
- Реконструкција, ревитализација редовно одржување како и дополнување со нови елементи на детското игралиште во селото;
- Чистење на банкини на патот до селото;
- Чистење на речното корито;

**Извор на финансирање:** Буџет на општината. Други извори на финансирање

**Рок на реализација:** 2022 - 2025 година.

## ПРОЕКТИ ВО СЕЛО КНЕЖЈЕ

- Тампонирање на улици во селото;
- Уредување на просторот околу селската чешма;

**Извор на финансирање:** Буџет на општината. Други извори на финансирање

**Рок на реализација:** 2022 - 2025 година.

## ПРОЕКТИ ВО СЕЛО КРУШИЦА

- Тампонирање на улици во селото;

- Изработка на водоводна мрежа;

**Извор на финансирање:** Буџет на општината. Други извори на финансирање

**Рок на реализација:** 2022 - 2025 година.

## ПРОЕКТИ ВО СЕЛО НЕМАЊИЦИ

- Реконструкција, ревитализација редовно одржување како и дополнување со нови елементи на детското игралиште во селото;
- Тампонирање на патот до манастирот Свети Илија старо село;

**Извор на финансирање:** Буџет на општината. Други извори на финансирање

**Рок на реализација:** 2022 - 2025 година.

## ПРОЕКТИ ВО СЕЛО ОРЕЛ

- Изработка на водовод во селото;
- Изнаоѓање на решение за реконструкција на мостот;
- Уредување на просторот околу селската чешма;

**Извор на финансирање:** Буџет на општината. Други извори на финансирање

**Рок на реализација:** 2022 - 2025 година.

## ПРОЕКТИ ВО СЕЛО ПАВЛЕШЕНЦИ

- Спроведување на истражувачки бушотини за снабдување со вода на селото;
- Расчистување на патот до селото;

**Извор на финансирање:** Буџет на општината. Други извори на финансирање

**Рок на реализација:** 2022 - 2025 година.

## ПРОЕКТИ ВО СЕЛО СОПОТ

- Тампонирање на улици во селото;
- Изградба на детско игралиште;

**Извор на финансирање:** Буџет на општината. Други извори на финансирање

**Рок на реализација:** 2022 - 2025 година.

## ПРОЕКТИ ВО СЕЛО СТАЊЕВЦИ

- Тампонирање на улици во селото, како и патот до селската црква и гробишта;
- Расчистување на патот до селото;
- Чистење на речното корито;

**Извор на финансирање:** Буџет на општината. Други извори на финансирање

**Рок на реализација:** 2022 - 2025 година

## ПРОЕКТИ ВО СЕЛО МАЛИНО

- Тампонирање на улици во селото, како и патот до Манастирот;
- Спроведување на истражувачки бушотини за снабдување со вода на селото;

**Извор на финансирање:** Буџет на општината. Други извори на финансирање

**Рок на реализација:** 2022 - 2025 година

## ПРОЕКТИ ВО СЕЛО МЕЧКУЕВЦИ

- Тампонирање и санација на пристапен пат до манастирот Св.Петка во село Мечкуевци;

**Извор на финансирање:** Буџет на општината. Други извори на финансирање

**Рок на реализација:** 2022 - 2025 година

## РЕКОНСТРУКЦИЈА И РЕСТАВРАЦИЈА НА СЕЛСКИ ЧЕШМИ

Реконструкција и реставрација на селски чешми, со цел подобра функционалност,изглед и нивно вклопување во селскиот туристички потенцијал.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината. Други извори на финансирање

**Рок на реализација:** 2022 година. - континуирано

vmro-dpmne.org.mk

sozdadinovaidnina.mk